# Соопштение
# до давателите на здравстени услуги

Почитувани,

Ве известуваме дека Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, одржа состанок со претставници на Стоматолошката комора на Македонија, како легитимни застапници на докторите од дејноста општа стоматологија и специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита.

Директорот на Фондот ги запозна присутните дека 2020 година е година на реформи во примарната здравствена заштита. За таа цел Министерството за здравство во соработка со Светска здравствена организација и Светска банка, Фондот за здравствено осигурување и други институции, предвидува спроведување на измени во начинот на пружање на здравствената заштита кај избраните лекари, со посебен осврт на остварување на превентивните цели, како и зголемување на средствата за општа стоматологија и специјалистичко- консултативна стоматолошка здравствена заштита по дефинирање на моделот на плаќање во примарната здравствена заштита.

На состанокот со надлежната Комора се отвореја повеќе прашања од кои дел се однесуваат на дозволата за работа на докторите по општа стоматологија и специјалистичко консултативна стоматолошка здравствена заштита, кое право е регулирано со Законот за здравствена заштита и подзаконските акти на Министерството за здравство.

Во врска со постигнатата согласност на работните средби со Стоматолошката комора во изминатиот период, Фондот изврши ревидирање на договорите и договорните казни за 2019 година.

Договор претставува договорна правна работа, со која се воспоставуваат права и обврски на договорните страни, во иднина содржината на договорите кои ќе се склучуваат ќе биде согласно Законот за облигациони односи. Договорите ќе ја опфаќаат изјавата на волјата на договорните страни, предметот на обврската на договорот, основот и начинот на склучување на договорот и догогорни казни. Имено

новите договори ќе се поедноставаат и нема да содржат одредби кои веќе се регулирани во законите и подзаконските акти.

Врз основа на погоре наведеното, работна група од Фондот со делегирани претставници на Стоматолошката комора во наредниот период ќе ја разгледа содржината на договорите и новиот предложен текст на договорите ќе биде усогласен врз заеднички утврдени ставови.

Исто така, на средбата стана збор за можноста за зголемување на вредноста на капитациониот бод за четвртиот квартал од 2019 година. Тоа би било во услови кога со ребаланс на буџетот на Фондот, би се обезбедиле средства за таа намена.

Фондот во нареден период конструктивно и отворено ќе продолжи да соработува со давателите на здравствените установи и нивните претставници, заради заемна цел а тоа е подобрување на квалитетот на пружените здравствените услуги на осигурените лица.

Со почит,
ФЗОРСМ